20262524584

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 92 став (12) од Законот за акцизите(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ЕНЕРГЕНТИТЕ, ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКАТА НА АКЦИЗАТА

Член 1

Во Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.164/26 и 247/26), во членот 4, зборовите „2 ноември 2026 година“ се заменуваат со зборовите „16 ноември 2026 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

Бр. 57-8563/3
2 ноември 2026 година
Скопје